# СИТЕ ЛИЦА
# КОИ СЕ ДЕЛ ОД ЛАБОРАТОРИЈА 217
# ИМААТ ОДГОВОРНОСТИ ЗА
# РАБОТНИОТ ПРОСТОР!

## Правилник на однесување за студенти!

- **Дојдете подготвени за работа** - прочитајте ја задачата пред да започне вежбата!
- **Работете тивко** – почитувајте ја индивидуалната апликација на знаењето како и тимската соработка!
- Во лабораторијата е строго забрането внесување на храна и пијалак (освен шише вода).
- Забрането е острење на моливи или боички под/над клупа, оставање на хартија или било какви други отпадоци под/над клупите.
- Забрането придвижување, преместување или било какво друго **манипулирање со микроскопите** освен за време на изведување на вежбите.
- Должни сте да се грижите за своето работно место за време на вежбата според дадените упатства од асистентот.
- Пред да ја напуштите лабораторијата, од био-безбедносни причини, должни сте да оставите **чист работен простор** и да го вратите **столчето** под маса.

# 1. Правила за ракување со микроскоп!

- Микроскопот кој се наоѓа на крајот на масата го доближувате до потребното растојание, а по завршувањето на вежбата **го враќате на истото место.**

- По завршувањето на вежбите должни сте да ги поставите микроскопите на **најмало зголемување**, да ги прекриете со **навлака** и да ги вратите на крајот на масата.

- На почеток на вежбата е должни сте да го проверите микроскопот со кој работите и **да пријавите доколку има недостатоци** на истиот (недостасуваат делови и сл.).

- **На останатите упатствата** за ракување со микроскопите, кои ќе ги добиете од страна на асистентот, **морате строго да се придржувате**!

# 2. Правила за вежбите со дисекција!

- Најстрого **се забранува оштетување на восокот** во кадичките за дисекција (преку гребење со пинцети, забодување на големата игла од приборот за дисекција и сл.)

- **Восокот** од кадичките задолжително исплакнете го со **вода** на крајот од вежбата!

- Должности на студентот за приборот за дисекција:

- пред да започне дисекцијата **пријавете** некомплетен или оштетен прибор за дисекција!
- на крај од дисекцијата **темелно исчистете го приборот за дисекција** (со средство за садови) и вратете го **во сува состојба**!

- Остатоците од животински материјал (**БИО-ОТПАД**) задолжително фрлете ги **во посебна ќеса**!

- По завршувањето на дисекцијата пребришете го работното место и оставете го во чиста и сува состојба.